# ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

**А.Д. „Електрани на Македонија“ е компанија за производство и испорака на електрична и топлинска енергија, што во согласност со визијата за развој на компанијата, презеде обврска да ја спроведува и постојано да ја унапредува Политиката за заштита на животната средина во согласност со стандардот ИСО 14001**

Свесни за неопходноста да ја заштитиме, зачуваме и да ја унапредиме животната средина за сегашните и за идните генерации со цел да го промовираме одржливиот развој, ние како раководен тим, заедно со сите вработени во А.Д.ЕЛЕМ, ги објавуваме следните водечки принципи на Политиката за заштитата на животната средина :

- идентификување на сите аспекти што се однесуваат на животната средина и преземање конкретни мерки за тие што се значајни за заштита на околината;
- обврска за постојно намалување на загадувањето и преземање превентивни мерки за негово спречување;
- извршување на своите активности во согласност со соодветните прописи и закони за заштита на животната средина;
- дефинирање и спроведување сопствени правила кои не се предвидени со законските прописи но имаат цел да го унапредат системот за управување со заштитата на животната средина;
- поттикнување и едукација на вработените да дејствуваат превентивно и постојано да ја подобруваат грижата за заштита на животната средина;
- штедење ресурси и енергија, намалување на употребата на штетни материи и количините на штетен отпад;
- информирање на своите деловни партнери и другите заинтересирани страни за сопствената определба за заштита на животната средина;
- индивидуална и колективна одговорност како основа при работењето;
- раководниот тим на А.Д. ЕЛЕМ е целосно одговорен за одржување и за развој на системот за управување со заштитата на животната средина.

Темелен и обврзувачки принцип на нашата компанија е слоганот :

**“Земјата не ни е дадена во наследство од нашите предци, туку ни е позајмена да ја чуваме за идните поколенија“**

**Претседател на Управен одбор**

**м-р Дејан Бошковски**